ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-265/5
27.08 20 20 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН

**ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

До
[redacted]

**Врска:** Барањето за пристап до информации од јавен карактер од 18.08.2020 година

**Предмет:** Известување во врска со Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено на ден 18.08.2020 година по е-маил до Центар за развој на Источен плански регион, и примено во архивата на Центар за развој на Источен плански регион на ден 18.08.2020 година, Ве известуваме дека Вашето Барање **доби позитивен одговор** и во прилог Ви го доставуваме Решението за позитивен одговор бр.03-265/4 од 27.08.2020 година со прилог бараните информации.

Во прилог на Известувањето Ви доставуваме:
- Решение за позитивен одговор бр.03-265/4 од 27.08.2020 година

Со почит,

**Центар за развој на**
**Источен плански регион**
**За Раководител,**
**Координатор за стратешко планирање**
**и регионален развој**
**Александар Николов**
*со полномошно бр.02-285/1 од 11.08.2020 година*

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ШТИП

Изработил:
- Катерина Василев – службено лице за посредување со информации од јавен карактер

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-265/4
27.08. 20
Штип

ИСТОЧЕН РЕГИОН

**ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Ванчо Прќе, 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@rdc.mk
I: www.rdc.mk/eastregion

Врз основа на член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.Весник на РСМ бр. 101/19"), а во врска со Барање за пристап до информации од јавен карактер од 18.08.2020 година од Барателот [redacted] и примено кај Центар за развој на Источен плански регион на ден 18.08.2020 година, ополномоштеното лице од Раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион, на ден 27.08.2020 год. го донесе следното:

**Решение**
**за позитивен одговор**
**за пристап до информации од јавен карактер**

**член 1**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Барателот [redacted] од 18.08.2020 година, и примено по е-маил кај Центар за развој на Источен плански регион на ден 18.08.2020 година, СЕ УВАЖУВА.

**член 2**

Се задолжуваат службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај Имателот, на Барателот да му овозможат пристап до Бараните информации во бараната форма и законски предвидениот рок.

**член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение:**

На ден 18.08.2020 година, по е-маил во Центар за развој на Источен плански регион пристигна Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот [redacted] и истото во архивата на Центар за развој на Источен плански регион е заведено под бр.03-262/2 од 18.08.2020 година. По разгледување на Барањето, Имателот утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер согласно со неговите надлежности, но не во форма на документ во Архивата на Центар за развој на Источен плански регион. Поради тоа Раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион задолжи вработено лице кај Имателот да ги изготви и прибере бараните информации од јавен карактер и истите да ги достави во писмена форма до службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај Имателот, кое ќе му овозможи на Барателот пристап до бараните информации.

Вработено лице кај Имателот на ден 27.08.2020 година бараните информации од јавен карактер ги достави во писмена форма до службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај Имателот.

Поради сето горенаведено, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер .

Прилог:

- Информација за документи и активности поврзани со животна средина донесени/имплементирани во периодот 2016-2020 година со кои располага Центар за развој на Источен плански регион бр.08-300/1 од 27.08.2020 година

**Да се достави до:**

- [redacted]

**Центар за развој на**
**Источен плански регион**
**За Раководител,**
**Координатор за стратешко планирање**
**и регионален развој**
**Александар Николов**
*со полномошно бр.02-285/1 од 11.08.2020 година*

Изработил:

- Катерина Василев – службено лице за посредување со информации од јавен карактер ________

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 08-300/1
27.08.2020 год.
Штип

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке, 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# Информација за документи и активности поврзани со животна средина донесени/имплементирани во периодот 2016-2020 година со кои располага Центар за развој на Источен плански регион

**1. Листа на документи и активности поврзани со животна средина донесени/имплементирани во периодот 2016-2020 година**

| Ред. бр. | Наслов на документ / активност |
|---|---|
| 1. | Анализа на недостатоци во еколошките податоци за подрачјето на сливот на река Брегалница |
| 2. | Изработка на Студија за статус на пасиштата во ИПР и деловите кои гравитираат кон сливот на река Брегалница |
| 3. | Спроведување на специфична кампања во Источен плански регион за придобивки од прогласување на заштитени подрачја |
| 4. | Изработка на елаборати за валоризација на природните реткости: Стамер, Ѕвегор, Црна Дудинка, Даб с. Бели, Киселичка Пештера и Дабоски Андак |
| 5. | Продолжување на изградба на колектор за отпадни води за град Делчево од десна страна на р. Брегалница, од Делчево - сервисна зона Долно Бавчи – 1 фаза |
| 6. | Ревитализација на р. Брегалница – третман на отпадни води с. Чифлик (I фаза) |
| 7. | Изработка на проектна документација за регионален спортско рекреативен центар „Брегалница" - Штип |
| 8. | Продолжување на изградба на колектор за отпадни води за град Делчево од десна страна на р. Брегалница, од Делчево - сервисна зона Долно Бавчи – 2 фаза |
| 9. | Изградба на патишта и паркиралишта (паркинг простори) во СРТЦ Пониква |
| 10. | Планините зборуваат и нè поврзуваат (Источен и Југоисточен регион) |
| 11. | Заштита на животната средина за одржлив развој на туризмот во СРТЦ Пониква на Осогово |
| 12. | Ревитализација на р. Брегалница – третман на отпадни води с. Чифлик (II фаза) |
| 13. | Санација и дислокација на десен колектор во с. Оризари – општина Кочани |
| 14. | Регулација на река Киселица – општина Пробиштип |
| 15. | Изработка на Урбанистички планови за села во Источниот плански регион: општина Кочани, општина Карбинци, општина Македонска Каменица, општина Зрновци, општина Чешиново-Облешево и општина Пехчево |
| 16. | Заштита на животната средина за штети настанати од поплави во басенот на река Брегалница |
| 17. | Изработка на основен проект за регулација на дел од Кочанска река – општина Кочани |
| 18. | Регулација на речно корито на Виничка река – I фаза |
| 19. | Зелени згради за заедничка зелена иднина - ГРЕЕН |
| 20. | Старите вековни дрвја во Малеш и Пијанец |
| 21. | Одржливо управување со жетварски остатоци |
| 22. | Набавка со транспорт и монтажа на агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина во Источниот плански регион |
| 23. | Заштита на животната средина преку изградба на систем за третман на отпадни води во с. Соколарци, општина Чешиново-Облешево |
| 24. | Нашето заедничко минато – патека за заедничка иднина |
| 25. | Истражување и подготовка на досие за апликација на геопарк Лесново за членство во Глобалната мрежа на геопаркови при УНЕСКО |
| 26. | Изградба на пристапни патишта за планински населени места Вртешка, Кепекчелија и Калаузлија и нивно поврзување со регионалниот пат Р 2431, општина Карбинци |

Ванчо Прке, 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

2. **Документи на кои е направена стратешка оценка на животната средина SEA/СОЖС**

   а. Нема

3. **Број на документи на кои е направена стратешка оценка на животната средина SEA/СОЖС**

   а. 0 (нула)

4. **Документи на кои е направена стратешка оценка на влијанието на животната средина EIA/ОВЖС**

   а. нема

5. **Број на документи на кои е направена стратешка оценка на влијанието на животната средина EIA/ОВЖС**

   а. 0 (нула)

6. **Број на проекти за кои се изработени елаборати за влијание за животната средина**

   а. 6 (шест)

7. **Партиципативно учество на граѓаните при изработка на документите, за секој документ посебно ДА/НЕ**

| Ред. бр. | Наслов на документ / активност | Учество на граѓаните |
|---|---|---|
| 1. | Анализа на недостатоци во еколошките податоци за подрачјето на сливот на река Брегалница | НЕ |
| 2. | Изработка на Студија за статус на пасиштата во ИПР и деловите кои гравитираат кон сливот на река Брегалница | НЕ |
| 3. | Спроведување на специфична кампања во Источен плански регион за придобивки од прогласување на заштитени подрачја | ДА |
| 4. | Изработка на елаборати за валоризација на природните реткости: Стамер, Ѕвегор, Црна Дудинка, Даб с. Бели, Киселичка Пештера и Дабоски Андак | НЕ |
| 5. | Продолжување на изградба на колектор за отпадни води за град Делчево од десна страна на р. Брегалница, од Делчево - сервисна зона Долно Бавчи – 1 фаза | НЕ |
| 6. | Ревитализација на р. Брегалница – третман на отпадни води с. Чифлик (I фаза) | НЕ |
| 7. | Изработка на проектна документација за регионален спортско рекреативен центар „Брегалница" - Штип | НЕ |
| 8. | Продолжување на изградба на колектор за отпадни води за град Делчево од десна страна на р. Брегалница, од Делчево - сервисна зона Долно Бавчи – 2 фаза | НЕ |
| 9. | Изградба на патишта и паркиралишта (паркинг простори) во СРТЦ Пониква | НЕ |
| 10. | Планините зборуваат и нè поврзуваат (Источен и Југоисточен регион) | ДА |
| 11. | Заштита на животната средина за одржлив развој на туризмот во СРТЦ Пониква на Осогово | НЕ |
| 12. | Ревитализација на р. Брегалница – третман на отпадни води с. Чифлик (II фаза) | НЕ |
| 13. | Санација и дислокација на десен колектор во с. Оризари – општина Кочани | НЕ |

Вработено лице кај Имателот на ден 27.08.2020 година бараните информации од јавен карактер ги достави во писмена форма до службено лице за посредување со информации од јавен карактер кај Имателот.

Поради сето горенаведено, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер .

Прилог:

- Информација за документи и активности поврзани со животна средина донесени/имплементирани во периодот 2016-2020 година со кои располага Центар за развој на Источен плански регион бр.08-300/1 од 27.08.2020 година

**Да се достави до:**

- [redacted]

**Центар за развој на**
**Источен плански регион**
**За Раководител,**
**Координатор за стратешко планирање**
**и регионален развој**
**Александар Николов**
*со полномошно бр.02-285/1 од 11.08.2020 година*

Изработил:

- Катерина Василев – службено лице за посредување со информации од јавен карактер